Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Еврохолд Бугарија АД, со седиште на ул. Кристофер Колумбо бр. 43, 1592 Софија, Бугарија, преку неговата фирма ќерка Истерн Европеан Електрик Компани Б.В., со седиште на Принс Бернхардплеин 200, 1097ЈБ, Амстердам Холандија, преку Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, на седницата одржана на ден 11.08.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која Еврохолд Бугарија АД, со седиште на ул. Кристофер Колумбо бр. 43, 1592 Софија, Бугарија, преку неговата фирма ќерка Истерн Европеан Електрик Компани Б.В., со седиште на Принс Бернхардплеин 200, 1097ЈБ, Амстердам Холандија, има намера да стекне контрола над следните друштва:

1. 100% од акциите издадени од ЧЕЗ Бугарија ЕАД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784,
2. 67% од акциите издадени од ЧЕЗ Разпределение Бугарија АД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784,
3. 67% од акциите издадени од ЧЕЗ Електро Бугарија АД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784,
4. 100% од акциите издадени од ЧЕЗ Трејд ЕАД, со седиште на ул. „Позитано“ бр. 2, ет. 7, канцеларија 7, Софија 1000,
5. 100% од акциите издадени од Фри Енерџи Продикт Орешец ЕАД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784, и
6. 100% удел во Бара Груп ЕООД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784,

иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 26.07.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Еврохолд Бугарија АД, со седиште на ул. Кристофер Колумбо бр. 43, 1592 Софија, Бугарија, преку неговата фирма ќерка Истерн Европеан Електрик Компани Б.В., со седиште на Принс Бернхардплеин 200, 1097ЈБ, Амстердам Холандија, со која Еврохолд Бугарија АД, Софија, Бугарија, преку неговата фирма ќерка Истерн Европеан Електрик Компани Б.В., Амстердам Холандија, има намера да стекне контрола над следните друштва: 100% од акциите издадени од ЧЕЗ Бугарија ЕАД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784, 67% од акциите издадени од ЧЕЗ Разпределение Бугарија АД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар,

Софија 1784, 67% од акциите издадени од ЧЕЗ Електро Бугарија АД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784, 100% од акциите издадени од ЧЕЗ Треід ЕАД, со седиште на ул. „Позитано“ бр. 2, ет. 7, канцеларија 7, Софија 1000, 100% од акциите издадени од Фри Енерџи Продикт Орешец ЕАД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784, и 100% удел во Бара Груп ЕООД, со седиште на бул. „Цариградско шосе“ бр. 159, БенчМарк Бизнис Центар, Софија 1784 Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Еврохолд Бугарија АД врши дејности на холдинг друштво.

Истерн Европеан Електрик Компани Б.В ги врши следните дејности: учество во управување и контрола на трговски друштва, финансирање на друштва и трговско работење на друштва, обезбедување услуги на друштва, гарантирање на обврските на друштва, стекнување, експропријација, управување и работење со недвижен имот, заеми и прибирање средства, вклучително и издавање обврзници, задолжници или други хартии од вредност, како и склучување на договори во врска со гореспоменатите активности, обезбедување на консултантски услуги на друштва во групата на која припаѓаат или на трети лица и најопшто - вршење на каква било комерцијална активност.

Еврохолд Бугарија АД има индиректно присуство во Република Северна Македонија преку следните друштва:

1. Евроинс Осигурување АД Скопје, акционерско друштво со седиште на бул. 8-ми Септември бр. 19А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Евроинс е овластено друштво за осигурување во Република Северна Македонија кое врши дејности поврзани со неживотно осигурување;
2. Друштво за финансиски лизинг ЕВРОЛИЗ АУТО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 12, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, кое е друштво кое врши дејности поврзани со финансиски лизинг; и
3. Друштво за трговија со моторни возила и услуги СТАР МОТОРС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 12, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, кое друштво врши дејности поврзани со трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

ЧЕЗ Бугарија ЕАД ги врши следните дејности: комерцијално советување, купување и продажба на опрема и материјали, како и извршување на која било друга активност што не е забранета со закон.

ЧЕЗ Разпределение Бугарија АД врши дејности поврзани со снабдување и продажба на електрична енергија на потрошувачи поврзани со дистрибутивната мрежа, управување со дистрибутивната мрежа, одржување на станици и објекти во согласност со техничките барања, развој на дистрибутивната мрежа во согласност со изгледите за економски развој и прогнозите за промени во потрошувачката на електрична енергија во регионот, одржување и развој на придружни мрежи, континуитет во снабдувањето со електрична енергија и квалитетот на снабдувањето со електрична енергија, други услуги до потрошувачите.

ЧЕЗ Електро Бугарија АД врши дејности поврзани со јавно снабдување со електрична енергија во согласност со Законот за енергетика на Република Бугарија врз основа на лиценца за јавно снабдување со електрична енергија и во согласност со условите на таквата лиценца.

ЧЕЗ Треід ЕАД врши дејности поврзани со трговија со електрична енергија, топлинска енергија, гасовити горива и други енергенси; истражување, консултации, проектирање, финансирање и изградба на енергетски објекти, снабдување со енергетски ефикасни услуги, имплементација на услуги според договори со загарантирани резултати,

изградба, инсталација, завршна обработка, работи на поправка, набавка на материјали и опрема.

Фри Енерџи Продукт Орешец ЕАД врши дејности поврзани со производство, изградба и работа на енергетски системи и паркови поврзани со обновливи извори на енергија; производство и трговија со енергија од обновливи извори на енергија; набавка на недвижен имот за изградба, изнајмување или продажба; градежни и претприемачки услуги; маркетинг истражување, консалтинг; увоз и извоз; комерцијално застапување и медијација на бугарски и странски физички и правни лица.

Бара Груп ЕООД врши дејности поврзани со изградба, одржување и работа на енергетски објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија и алтернативни извори на енергија, производство на енергија од обновливи извори на енергија и алтернативни извори на енергија, домашна и надворешна трговија; купување и продажба на недвижен имот; градба; комерцијална застапеност, медијација и агенција на локални и странски физички и правни лица; транспортна и шпедитерска активност; како и сите други активности кои не се забранети со закон.

Ниту едно од друштвата над кои се стекнува контрола нема директно или индиректно присуство на пазарот на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**